157, 2, 1, 16/348

По предложение на Повереенството на внатрешните работи, Президиумот на АСНОМ, на своето заседание одржано на 15 декември 1944 година, донесе следното:

## ВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ

За забраната на проституцийата, хазарните игри и музиката при йавните локали

Чл.1 Се забрануват сите хазарни игри и други од подобен характер игри /коцка/.

Чл.2. Се забранува проституцийата, развратот, блудството и се онова кое е противно на добрите нарави и здравиот народен морал.

Чл.3. Се забрануе профанисаната кафанска музика по йавните локали.

Уметничката музика по йавните локали може да се позволи само со специйално позволение на управните власти-управниот отдел при Н.О.О. /градски и околийски/ отделение народна милицийа.

Чл.4. На собствениците на йавните локали, каде се вршат забраните предвидени по чл.чл.1,2 и 3 ке се затворат локалите и ке се казнат со глоба до 100.000 лева.

Лицата кои учествуват во извршуенето во забраните предвидени во чл.чл.1,2 и 3 ке се казнат со затвор до еден месец и глоба до 10.000 лева, а на нарушителите на чл.1 ке се конфискуват и парите, кои се навогйат кай нив.

Чл.5. Овоа решение влегува во сила со денот на пибликуването.

ПРЕЗИДИУМ НА А С Н О М

СЕКРЕТАР,
/СТРАХИЛ ГИГОВ/

ПРЕДСЕДАТЕЛ,
/МЕТОДИЙА АНДОНОВ ЧЕНТО/